БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул.1732.бр.4.1000 Скопје, Северна Македонија
Контакт +389 75 506 644 / www.bfrsm.mk /E-mail: mkd@unitedworldwrestling.org
БФСМ

*Арх.бр.35/0202*

*19.03.2023*

# ИЗВЕШТАЈ

## ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО БОРЕЊЕ У23

Европското Првенство во борење за борачи/ки до 23 години се одржа во Спортска Сала ,, Поливалент,, во Букурешт,Романија од 16-19.03.2023 год, Сместувањето беше во Хотел ,, MY CONTINENTAL,,,

Нашата репрезентација настапи со 5 борачи во борење слободен стил и тоа во следниве категории:

**61 кг Арбен Сејди**

**70 кг Мухамед Феруки**

**86 кг Адам Модосјан**

**92 кг Реџеп Хајдари**

**125 кг Увејс Фејзулаху**

-

Репрезентацијата беше предводена од тренерот Нехат Џафери.

На првнеството присуствуваа и гдин Дејан Богданов –претседател, Драгана Савева –технички секретар и Ахмед Адеми –член на Управен Одбор како гости поканети од претседателот на Романската Федерација гдин Разван .

## ПОСТИГНАТИ СПОРТСКИ РЕЗУЛТАТИ

- **Арбен Сејди** во категотија **61 кг**, во првото коло(¼ финале) за противник го имаше претставникот од Италија Симеоне Пироду и борбата заврши со победа за противникот од Италија 10 -0 .

Се пласираше на **10 место** од вкупно 11 борачи.

- **Мухамед Феруки** во категоријата **70 кг** во првото коло во ( 1/8 финале) се бореше против Бенедикт Хубер од Австрија и изгуби 6:0

Се пласираше на 13 место од 16 борачи.

**Адам Модосјан** во категоријата **86 кг** во првото коло (квалификации) се бореше против – Џошуа Мородион од Германија и борбата заврши со победа за протиивникот 10:0 .
Се пласираше на 14 место од 14 борачи.

**Реџеп Хајдари** во категоријата **92 кг** во првото коло (квалификации) се бореше против Јон Демијан (Молдавија)и борбата заврши со победа со туш(5:4) за нашиот репрезентативец
Во второто коло ¼ финале Реџеп Хајдари беше рамноправен противник на претставникот од Азербејџан- Абдуљалил Шабанов , имаше одлична борба и изгуби со мала разлика од 2 поени, борбата заврши со резултат 5-7, победа за противникот. Реџеп Хајдари од сите наши претставници покажа дека е технички и кондиионо најподготвен.

Се пласираше на 7 место од 12 борачи.

**Увејс Фејзулаху** во категоријата **125 кг** во првото коло (квалификации) се бореше против – Вахит Галајев ,претставник на Азербејџан и борбата зврпи со победа за протиивникот 10:0
Се пласираше на 8 место од 9 борачи.

## ЕКИПЕН ПЛАСМАН

Нашата РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА се пласираше на 15 место од 20 земји учеснички.

*Извештајот го подготви:Технички Секретар на БФСМ*

Драгана Савева